Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 178/2021) и член 53, став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411, 5 ноември 2018 година и Универзитетски гласник бр. 426, 3 јули 2019 година), Одлука донесена на Наставно-научниот совет **бр. 02-720/4 од 19.10.2023 година**, за распишување Интерен оглас и заклучокот донесен од страна на Наставно-научниот совет на ФЗНХ **бр. 02-795/16 од 27.11.2023 година,** деканот на **Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**, распишува повторен

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**за ангажирање на демонстратор за академската 2023/2024 година**

**Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје** распишува оглас за избор на демонстратор, како помошник во наставно-образованиот процес на прв циклус студии за академската 2023/2024 година, и тоа:

1. **Еден демонстратор на Институтот за храна,** на предметите:
   - **Ботаника**
   - **Самониknати хранливи и отровни растенија**

**Критериуми за избор во демонстратор**

Кандидатите треба да ги исполнуваат минималните критериуми предвидени во Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018 година).

- **Кандидатите треба да имаат завршено прв циклус (додипломски) студии на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје во состав на УКИМ во Скопје, на една од студиските програми на Факултетот, со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);**
- **Кандидатите треба да се студенти на втор или трет циклус студии на ФЗНХ.**

**Кандидатите треба да ги достават следните документи:**

1. Пријава за позицијата на која аплицираат согласно Интерниот оглас;
2. Доказ за завршен прв циклус студии според ЕКТС и освоени најмалку 240 кредити со просечна оценка за завршени студии (минимум 8,0) – Уверение за завршен прв циклус студии;
3. Доказ (потврда за редовно запишан семестар) дека се студенти на втор циклус (магистерски) или трет циклус на студии (докторски студии) на ФЗНХ;
4. Уверение за предвидени и положени испити (со оценки за положените испити), доколку кандидатот има положени испити;
5. Кратка биографија (активности во периодот на студирање, контакт тел. / e-mail).

**Факултетот го задржува правото да не го ангажира избраниот демонстратор, доколку во летниот семестар нема доволен фонд на часови, односно предмети.**

Демонстраторот се избира за ангажман во академската 2023/2024 година, односно до 30.9.2024 година.

Документите од страна на кандидатите се доставуваат на адреса на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, ул. „16 Македонска бригада“ бр. 3 – Скопје, или во архивата на Факултетот во рок од 5 работни дена од денот на објавувањето на Интерниот оглас.

Интерниот Оглас е објавен на веб страната на факултетот www.fznh.ukim.edu.mk